# Дневна хемеротека за *28.03.2016г.*

## МИА - [Водовод за село Никоштани]

МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

1 kWh = 11 испеглани кошули

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Водовод за село Никоштани

### Водовод за село Никоштани

Препорачај 0

петок, 25 март 2016 11:31



**Скопје, 25 март 2016 (МИА)** - Договор за финансирање на проектот „Изградба на дистрибутивна примарна и секундарна водоводна мрежа (L=3.304,07 m') и разделна шахта меѓу двата резервоара во село Никиштани денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Сокол Митровски.

Министерот Изаири појасни дека овој договор е долгодгодишен проект и баран од населението. Појасни дека ова е прва фаза, но, како што рече, Министерството ќе продолжи со кофинасирање на проектот се до неговото завршување.

Градоначалникот Митревски информира дека општината инвестирала во доводот на вода до селото, а со помошта од Министерството ќе се спроведе до секој дом.

Првата фаза од кофинансирањето предвидува три милиони денари. Вкупната сума на проектот изнесува 16 миоиони денари, а дополнително средства ќе обезбеди и општина Ѓорче Петров. бк/са/**11:31**

## Вечер - [Никштани ќе добие нов водовод]

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА

ПРОЕКТ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОПШТИНА ГОРЧЕ ПЕТРОВ

# Никштани ќе добие нов водовод

**Договор за финансирање на проектот „Изградба на дистрибутивна примарна и секундарна водоводна мрежа (L=3.304,07 m') и разделна шахта меѓу двата резервоара во село Никиштани потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Сокол Митровски.**



Министерот Изаири појасни дека овој договор е долгодгодишен проект и баран од населението. Појасни дека ова е прва фаза, но, како што рече, Министерството ќе продолжи со кофинасирање на проектот се до неговото завршување.

Градоначалникот Митревски информира дека општината инвестирала во доводот на вода до селото, а со помошта од Министерството ќе се спроведе до секој дом.



Првата фаза од кофинансирањето предвидува три милиони денари. Вкупната сума на проектот изнесува 16 милиони денари, а дополнително средства ќе обезбеди и општина Ѓорче Петров.

## Сител - [*Водовод за село Никиштани*]

Договор за финансирање на проектот „Изградба на дистрибутивна примарна и секундарна водоводна мрежа (L=3.304,07 m’) и разделна шахта меѓу двата резервоара во село Никиштани денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан

## ТВ21 - [*Селаните од Никиштане: Недостатокот на вода предизвикува болест*]

Последните село во Општина Ѓорче Петров, што ќе добие вода за пиење е село Никиштане. Министерот за животна средина, Нурхан Изаири, заедно со градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Сокол Митревски потпишаа договор за разгранување на водоводната ..

## Скопје инфо - [Ќе се гради водовод во скопско Никиштани]

Договор за финансирање на проектот за изградба на водовод во село Никиштани потпиша во петок Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Сокол Митровски.

## Точка - [Ќе се гради водовод во скопско Никиштани]

Договор за финансирање на проектот за изградба на водовод во село Никиштани потпиша во петок Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Сокол Митровски.

## Денар - [Ќе се гради водовод во скопско Никиштани]

Договор за финансирање на проектот за изградба на водовод во село Никиштани потпиша во петок Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Сокол Митровски.

## Макфакс - [Ќе се гради водовод во скопско Никиштани]

Договор за финансирање на проектот за изградба на водовод во село Никиштани потпиша во петок Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири и градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Сокол Митровски.

## Lider - [Водовод за село Никиштани]

Договор за финансирање на проектот „Изградба на дистрибутивна примарна и секундарна водоводна мрежа (L=3.304,07 m’) и разделна шахта меѓу двата резервоара во село Никиштани денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан ...

## Курир - [Водоводна мрежа ќе се гради во селото Никиштани]

Договор за финансирање на проектот „Изградба на дистрибутивна примарна и секундарна водоводна мрежа (L=3.304,07 m’) и разделна шахта меѓу двата резервоара во село Никиштани, денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан ...

## Денешен - [Водовод за село Никоштани]

Договор за финансирање на проектот „Изградба на дистрибутивна примарна и секундарна водоводна мрежа (L=3.304,07 m’) и разделна шахта меѓу двата резервоара во село Никиштани денеска потпишаа министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан

## Tetova Sot - [Izairi: Do të ndërtohet rrjeti i ujësjellësit për fshatin Nikishtan]

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Izairi: Do të ndërtohet rrjeti i ujësjellësit për fshatin Nikishtan




in Maqedoni 25/03/2016

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi dhe kryetari i komunës Gjorçe Petrov Sokol Mitrovski, sot nënshkruan marrëveshje për financimin e projektit: "Ndërtimi i rrjetit të ujësjellësit primar dhe sekondar distributiv (L=3.304,07 m') dhe pusetës ndarëse mes dy rezervuarëve në fshatin Nikishtan-komuna e Gjorçe Petrovit".

Me nënshkrimin e kësaj marrëveshjeje fillon të zgjidhet problemi i ujit të pijshëm për popullatën në fshatin e vetëm të komunës Gjorçe Petrov ku deri tani nuk ishte ndërtuar rrjet i ujësjellësit.

Mjetet me vlerë prej 3 milionë denarësh janë siguruar përmes Programit për investime në mjedisin jetësor për vitin 2016, ndërsa mjetet tjera të domosdoshme për realizimin e plotë të projektit do t'i sigurojë komuna.

**МРТ - [Nigishtan, 15 milion denarë për rrjetin e ujësjellësit]**

# Nigishtan, 15 milion denarë për rrjetin e ujësjellësit

25.03.2016 12:12

**Ministria e Ekologjisë dhe komuna e Gjorçe Petrovit ka nënshkruar sot një marrëveshje bashkëpunimi për ndërtimin e rrjetit primar dhe sekondar të ujit në fshatin Nigishtan...**

Сподели 0 Ми се допаѓа 0 Tweet




Ky projekt ka qenë kërkesë e kamotshme e banorëve të fshatit Nigishtan.

***"Kam kënaqësi të posaçme që arritëm të nënshkruajmë një marrëveshje bashkë me kryetarin që ne të konfinansojmë, dhe me këtë po fillojmë një etapë të re dhe shumë shpejtë nuk do të kenë më probleme që i kanë pasur me dekada"***- deklaroi ministri i Ekologjisë, Nurhan Izairi.
***"Kjo që sot e nënshkruajmë është një hap shumë i madh për tejkalimin e një problemi të banorëve të fshatit Nigishtan. Ky është fshati i fundit në komunë që nuk është në rrjetin e ujësjellësit dhe këto janë hapat e para në kyçjen e tyre në rrjetin sekondar***"- tha kryetari i Komunës së Gjorçe Petrovit, Sokol Mitrev.

Projekti kap vlerën prej 15 milion denarësh dhe punimet do të fillojnë pas tre javëve.

## Алсат-М - [Еколошки здруженија од Тетово ги бараат имињата на лицата што го спречуваат затворањето на Југохром]

# Еколошки здруженија од Тетово ги бараат имињата на лицата што го спречуваат затворањето на Југохром

19:02, 25 март

Сподели ја веста:




Здруженијата „Мајки и деца“ и „Еко Герила“ се незадоволни од однесувањето на министерот за екологија, Нурхан Изаири, кој пред неколку дена одговорноста за нерешениот проблем со загадувањето кое го предизвикува „Југохром“ го префрли врз неколкумина негови колеги од владата, но без да ги посочи нивните имиња.

„Самиот факт дека тој се обидува да ја дели одговорноста со некој други, покажуав дека постои свесност за сериозноста на проблемот. Но,она што е чудно е што Изаири ги обвинува министрите во владата во кои и тој самиот членува. За да му поверуваме во искреноста, тој јавно, со име и презиме трена да каже кои се тие министри кои го попречуваат во решавањето на овој проблем, за да знаеме и ние и да извршиме притисок таму каде што е потребно“, рече Елмедина Абдулаи, организација „Мајки и деца“.

Примерот со Југохром за „Еко Герила“ е потврда за целосната немоќ на министрите Албанци во Владата, кои не можат да помогнат да се реши најгорливиот проблем на жителите во Полог.

„Ова е чист доказ дека министрите се целосно свесни за нивната немоќ, дури се немоќни и да се повлечат во знак на протест поради труењето на следните поколенија“, вели Гзим Ќаили, „Еко Герила“.

По два месеца пауза, „Југохром“ на 1 март повторно ги запали печките и започна со работа. Одлуката за рестарт на комбинатот ја осудија и министерот за екологија, Изаири, како и сите невладини организации за заштита на животната средина. Изаири изјави дека пречка во решавањето на проблемот се неколкумина членови на Владата кои се противат на затворањето на најголемиот загадувач во полошкиот регион.

Башким Сулејмани

## Almakos - Tetovë, OJQ-të: Izairi të tregoj kush pengon mbylljen e Jugohromit

almakos

# Tetovë, OJQ-të: Izairi të tregoj kush pengon mbylljen e Jugohromit

25.03.2016

Shpërndaje në Facebook | Tweet në Twitter



Organizatat Joqeveritare në Tetovë reagojnë ashpër ndaj deklaratës së ministrit të ekologjisë Nurhan Izairi i cili ditë më parë fajësoi kolegët e tij ministra për mos mbylljen e ndotësit të ajrit Jugohromin. Nga OJQ "Nëna dhe Fëmija" kërkuan nga Izairi të publikojë emrat e ministrave të cilët pengojnë mbylljen e Jugohromit.

"Vet fakti që Ministri i ekologjisë kërkon që ta ndaj përgjegjësinë me dikën tjetër flet që ekziston një problem serioz dhe ata janë të vetëdijshëm për këtë, mirëpo të akuzosh një qeveri në të cilën ti vet merr pjesë është pak e çuditshme. Për të besuar në sinqeritetin e

ministrit ai duhet të del me këtë deklaratë por pak më konkretisht ti tregojë me emër e mbiemër se cilët janë ata ministra që pengojnë zgjidhjen e këtij problemi që të dimë edhe ne dhe të bëjmë shtypje në ato vende ku ka nevojë", tha Elmedina Abdullai nga Organizata "Nëna dhe Fëmija".

Përfaqësues të Organizatës "Eco Guerilla", akuzuan ministrat shqiptarë se nuk janë të fuqishëm në ekzekutiv për të zgjidhur problemet e banorëve të Pollogut.

"Është dëshmi e pastër se ministrat janë plotësisht të vetëdijshëm për pafuqinë e tyre, madje janë të pafuqishëm edhe të tërhiqen në shenjë proteste për helmimin e brezave të ardhshëm", deklaroi Gëzim Qaili, "EcoGuerilla".

Ditë më parë ministri i ekologjisë Nurhan Izairi, akuzoi kolegët e tij ministra se pengojnë mbylljen e Jugohromit.

"....ka koleg të mijë që vetëdijen e mbrojtjes së ambientit e kanë të harruar e kanë të operuar nga truri nuk mendojnë për atë punë dhe i kam ftuar të mendojnë për këtë...", deklaroi Nurhan Izairi, Ministër i ekologjisë.

Pas dy muaj pauze, Jugohormi më 1 mars përsëri ndezi furrat dhe filloi me punë. Vendimin për ri-nisjen e punës e kundërshtoi ministri i ekologjisë Izairi dhe gjitha Organizatat Joqeveritare për ruajtjen e ambientit.

## Вест - Канцерогениот линдан од "Охис"се уште ќе не труе

ВЕСТ www.vest.mk

НОВО ИСПИТУВАЊЕ КОЛКУ ОПАСНИ ПЕСТИЦИДИ ИМА ВО НЕКОГАШНИОТ ХЕМИСКИ ГИГАНТ

### КАНЦЕРОГЕНИОТ ЛИНДАН ОД "ОХИС"СЕ УШТЕ ЌЕ НЕ ТРУЕ

Не се знае кога ќе се отстранува канцерогениот пестицид линдан, кој со години е депониран во хемиската фабрика "Охис" и кој е создаден од некогашното производство во овој хемиски гигант. Министерството за животна средина без јасен одговор кога ќе стартуваат работите на терен, иако во два наврата чистењето беше најавено, па одложено. Од Министерството велат дека допрва изготвуваат законски решенија и прирачници за безбедно прочистување на загадените површини и допрва ќе испитуваат што треба да се деконтаминира.




"Проектот за чистење на контаминираната локација во 'Охис' треба да обезбеди интегриран пристап за еколошки безбедно решавање на проблемот. Тоа подразбира да се изготват легислативи за управување со загадени површини, технички прирачници за идентификација, класификација и приоритет на контаминираните локации, како и прирачници за безбедносни мерки и постапки при ремедијација на овие површини", велат од Министерството за животна средина.

Во 2014 година, еколошките власти најавија дека прочистувањето на 50.000 тони загадена почва со линдан ќе стартува во јануари 2015 година, а лани рекоа дека проектот на терен ќе се реализира овој јануари. Експертите од Министерството за животна средина тогаш рекоа дека во "Охис" има две поголеми депонии со линдан, едната со 20.000 тони загадена почва, а другата со 10.000 тони.

Со проектот, кој се работи веќе три години наназад, беше предвидено на самото место да се прочистат 10.000 тони земја, која е најзагадена со линдан, односно во која концентрацијата на пестицидот е над 50 отсто. За реализација на проектот, беа обезбедени 3,1 милион евра од Глобалниот еколошки фонд, со кои треба да се набават потребните опрема и технологија, а Министерството за животна средина треба да учествува со 750.000 евра, со кои ќе обезбеди логистика.
Сега, од Министерството за животна средина велат дека донацијата од ГЕФ од 3,1 милион евра стои, односно дека таа е обезбедена, а парите што треба да ги даде Министерството ќе бидат оперативни веднаш штом се набави потребната технологија.
Сега нема податок дали загадената почва ќе се прочистува на самото место или ќе се носи на друго место. Од Министерството велат дека ќе ги земат предвид сите варијанти што нудат еколошки безбедно третирање на пестицидот, без да се фаворизира одредена технологија.
Ако се најде во храната, водата или во воздухот, линданот е опасен за здравјето на луѓето, односно е канцероген, а особено страда ендокринолошкиот систем. Овој пестицид има четири изомери, односно алфа, бета, гама и делта. Во "Охис", на времето се произведувал гама-линдан, кој се користел за производство на прашок за вошки и за други продукти. (Е.А.)

**Го има и во воздухот во Скопје и во водите на Вардар**

Со истражувањата и студиите направени во Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, утврдено е енормно загадување на почвата и на подземните води во кругот на фабриката "Охис".
Професор Трајче Стафилов од Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје повеќе години наназад предупредува дека оваа депонија мора да се отстрани, бидејќи, според истражувањата, загадени се и почвите и подземните води околу фабриката, а линданот, како канцероген пестицид, го има и во воздухот во Скопје. Тој предупредува дека пронајден е линдан и во водите на Вардар кај Велес.

## Утрински - Охис неактивирана еколошка бомба

Утрински весник

### ОХИС НЕАКТИВИРАНА ЕКОЛОШКА БОМБА



**Партијата ДОМ бара Државниот инспекторат за животна средина да изврши увид во кругот на ОХИС, каде што покрај линдан, во дворот се складирани и многу други тони токсични материи, опасни врз здравјето на луѓето**

Маја Томиќ

Повеќе години се алармира и постојано се најавува дека „Охис" ќе биде исчистен од опасните хемикалии, но надлежните се' уште немаат преземено ништо на терен. Вчера партијата на зелените ДОМ предупреди дека земјава е изложена на еколошка катастрофа бидејќи во дворот на старата хемиска фабрика се складирани стотина тони опасни хемикалии кои се високо токсични, запаливи и експлозиви. Партијата побара итен увид од страна на Државниот инспекторат за животна средина. Портпаролката на ДОМ, Маја Морачанин, рече дека ако настане еколошката катастрофа, таа ќе го погоди не само Скопје, туку и целата Вардарска Долина. Додаде дека од пред една недела ОХИС е без носители на одговорност за управување со некогашната фабрика и дека е без контрола на службите за обезбедување и противпожарна заштита, задолжени за присутните хемикалии. Во кругот на ОХИС, покрај веќе познатиот пестицид линдан, се складирани и други опасни хемикалии, како на пример: 35 тони акрилонитрил мономер, кој може да го уништи целокупниот животински и растителен свет по течението на Вардар, 20 тони активни супстанции за производство на пестициди, кои се многу токсични ако истечат во почвата, 2,5 тони хлор во контејнери со

дотраен материјал, па неговото истекување може да предизвика сериозни проблеми врз здравјето на луѓето, особено по респираторниот и кардиоваскуларниот систем.

ДОМ апелира до Владата итно да направи прераспределба на буџетски средства од непродуктивни трошоци, кон решавање на една од жешките еколошки точки, но и кон решавање на егзистенцијалните проблеми на вработените од ОХИС.

Од Министерството за животна средина велат дека чистењето на контаминираната локација во ОХИС е последната фаза од целокупниот циклус кој треба да опфати еден интегриран пристап во насока на еколошки безбедно решавање на проблемот. „Во тек е изготвување на легислатива поврзана со управувањето со контаминирани локации, каде што ќе бидат пропишани сите аспекти во насока на безбедно чистење на локацијата. Тоа значи дека проектот е во фаза на имплементација. По изготвувањето на потребните правни акти и технички прирачници, ќе се пристапи кон детално испитување на контаминираната локација, при што ќе се добие целосна претстава за видот на загадувачите присутни на местото, како и за обемот на контаминацијата. Овие податоци се неопходни и се основа за изготвување на проектната задача врз основа на која ќе се распише тендер за избор на најсоодветна технологија.

Донацијата од ГЕФ во висина од 3,1 милиони долари е обезбедена. Средствата од Министерството за животна средина ќе бидат оперативни веднаш штом ќе биде набавена технологијата за ремедијација", велат од Министерството за животна средина. Додаваат дека целата техничка процедура се очекува да заврши до крајот на годинава, по што ќе се пристапи кон практичната страна, односно на терен да се исчистат хемикалиите.

Досега надлежните институции немаа идеја што да прават со отровниот инсектицид линдан од дворот на ОХИС. Отровот се разнесува со ветерот и со дождот, бидејќи депонијата само е затрупана со земја, но не е целосно бетонирана. Според експертите, неговото отстранување од фабриката може да чини и повеќе од 50 милиони евра, а процедурата е многу сложена и скапа и предвидува препакување во безбедни контејнери, транспорт и согорување во специјални печки. Постои и поевтина варијанта, која би чинела околу 5 милиони евра, а во која линданот би останал во Скопје, но овој пат соодветно изолиран и закопан.

Инаку, иако над 10.000 тони опасен отров повеќе од три децении стои речиси во центарот на главниот град, надлежните институции прават проекти за негово третирање во последниве 8 години. Канцеларија за ПОПС при Министерството за животна средина беше одговорна за спроведување на мониторингот во 2007 година, од кои се добиени податоците за концентрација на линданот во воздухот. Резултатите покажале дека како последица на чувањето на опасниот инсектицид, во почвата, подземните води и во воздухот околу фабриката има концентрации на линдан и до 300 пати поголеми од дозволените.

Во државата има 16 локации во повеќе општини каде што се складирани опасни материи подолго време. Ако се чека подолго на нивно отстранување, поголеми ќе бидат и средствата за санација на отпадот, коментираат стручњаци. Обврската за расчистување на еколошките жешки точки е првенствено на стопанисувачот, доколку капацитетот работи, или на државата, ако тој не функционира, како што е случајот со загубарот ОХИС.

# МИА - Конференција „Важноста од прогласување на Шар Планина за национален парк во Македонија“ во Драгаш, Косово

ПОНЕДЕЛНИК, 28 МАРТ 2016, 11:07:10

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА




НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија

## Конференција „Важноста од прогласување на Шар Планина за национален парк во Македонија“ во Драгаш, Косово

Препорачај 0

сабота, 26 март 2016 12:43



**Скопје, 26 март 2016 (МИА)** - Платформата Пријатели на Шара одржа конференција под наслов „Важноста од прогласување на Шар Планина за национален парк во Македонија“ при што активностите се одвиваа во општина Драгаш на Косово што се наоѓа во националниот парк Шара од таа страна од границата.

Овој национален парк постои веќе 30 години, а во 2012 тата година тој бил повторно прогласен и при тоа била проширена територијата на сегашните 53 илјади хектари каде влегуваат територии од пет косовски општини.

Конференцијата на која учествуваа преставници од повеќе релевантни институции, невладини организации и месно население има за цел размена на искуства околу ставовите на населението за постоењето на национален парк и досегашните искуства на косовската страна од границата.

Ставот на надлежните е дека со постоењето на национален парк соодветна заштита добиле природните ресурси, а се создало и основа за економски развој на регионот преку промоцијата на производите, туризмот и слично.

- Скоро 50 отсто од територијата на општина Драгаш е во состав на националниот парк. Само ако го користиме името национален парк нормално дека по тоа ќе дојдат и тие профити бидејќи тие продукти што се произведуваат и излегуваат од националниот парк сигурно ќе добијат етикета на еко производ, производ од националениот парк и така натаму. Нашата општина на територија на Косово го зазема првото место во однос на чување на шумата и тоа е затоа што граѓаните ја чуваат а не претседателот или полицијата или шумското или некој друг, изјави претседателот на општина Драгаш на Косово, Салим Јонузи.

Месното население има право да се снабди со дрва за огрев од сопствената шума во националниот парк откако комисија од управата на паркот ќе определи кои дрва се за сечење за обновување на шумата и тоа максимално до 12 кубни метри по семејство. На сличен начин во соработка на управата и месното населени се регулира и контролираното користење на останатите ресурси како напасување на стоката, собирањето на шумски плодови и растенија и слично.



- Околу нелегалните активности се работи воглавно за индивидуални дејствија но кога имаме поголема појава тогаш имаме и поголема подршка од локалните власти. Како одговорни ние им се заблагодаруваме на локалното население бидејќи тие се првите што ги пријавуваат овие лица и имаме одлична соработка со нив. Многу е важно и делот на Шара што е во Македонија да биде прогласен како национален парк бидејќи на тој начин ќе се грижиме најдобро за животните што живеат на двете страни и со тоа ќе добиеме најдобро функционирање во целиот регион, рече претставникот од националниот парк Шари Беким Бетуќи.

Според Теренското истражување на платформата пријатели на Шара спроведено во пет општини во Македонија 83 отсто од анкетираните се за прогласување на национален парк и на македонскиот дел од Шар Планина. Нивните очекувања се дека надлежните при законскиот процес за реализирање на оваа инцијатива што трае скоро дваесет години ќе имаат целосна соработка со месното население за вистински да се постигнат целите за заштита на природните ресурси и биодиверзитетот но без последици за нормален живот на жителите на регионот што би бил опфатен како национален парк.

- Во Албанија имаме неколку примери такви каде што се прогласени од денес за утре национални паркови меѓутоа апсолутно исто е останато и со искористување на природата и со нелегалните активности, буквално се е останато исто, се знае. Затоа и ме радува што можеби не е да речеме уште веднаш има прогласен национален парк бидејќи многу од населението немало поим што е тоа заштитено подрачје а камо ли национален парк и убаво е ете што толку време дваесет години се труби цело време национален парк и веќе препознаваат луѓето што се виде и од нашата анкета и доколку министерството започне процес таков обврзно сметам дека треба да го вклучи локалното население, смета Диме Мелоски од Македонско еколошко друштво што е еден од учесниците во платформата Пријатели на Шара.



Доколку дојде до реализација на проектот за прогласување на Шар планина за национален парк и на македонска страна заедно со делот од Косово би се формирало едно од најголемите заштитени подрачја на природата во југоисточна Европа. **ac/up/12:40**

**Тера - [Могила ќе добие плоштад]**

# Могила ќе добие плоштад

Вести Актуел Mar 25, 2016 0 150



Со 3,5 милиони денари од министерството за животна средина и 2,5 милиони денари средства од буџетот могилчани ќе добијат плоштад.Распишан е јавен повик за изведувач и за скоро ќе почне постапката на градба, најави градоначалникот на општината

-Започнуваме со уредување на централните подрачја во општина Могила а и во останатите поголеми места од општината. Ќе правиме плоштад, и ќе го дооформиме центарлниот парк во центарот на оваа општина. Овај парк ќе дојде едно место за рекреација. Плоштадот ќе го правиме со средства од министерството за екологија за искористување на фосилните горива од загадувањето на Рек Битола . Дел за плоштадот ќе се одделат и од буџетот на општината, изјави Стево Пивковски, градоначалник на Могила

На местото каде што жителите од оваа општина го фрлаа отпадот, сега е направен парк за рекреација. Паркот скоро е завршен, недостига само осветлувањето

-На тоа место каде што сега е паркот беше депонија. Паркот е место за рекреација и одмор и токму такво нешто и беше потребно на општината. Во иднина планираме да направиме уште еден парк, изјави Стево Пивковски, градоначалник на Могила

## Сител - Втората дијалог платформа за управување со цврстиот отпад



## МРТ - Климатски промени: Наредниот период клучен за намалување на загадувањето

МРТ

# Климатски промени: Наредниот период клучен за намалување на загадувањето

25.03.2016 10:25

**Државите мора да донесат национални планови за намалување на загадувањето согласно одлуките од конференцијата на Обединетите нации во Париз за справување со климатските промени. Иако 188 држави во светот ја потпишаа декларацијата за спречување на климатските промени, не е постигнат значителен напредок во намалувањето на глобалното загадување на планетата.**

Share 0 Ми се допаѓа 0 Tweet



Наредниот период е клучен за спроведување на одлуките на национално и регионално ниво за намалување на загадувањето што предизвикува глобално затоплување на планетата. Целта за глобално затоплување до максимум 2 степени се уште не е постигната.

**„Детекторот на климатски промени која е аналитичка група што најмногу се бави со оваа тематика, прогнозира дека глобалното затоплување во просек било 3,6 степени во 2014-та година, во индустриските развиени земји. Минатата година по конференцијата во Париз, оценката е 2,7 степени и е еднаква на зголемената температура во светот од 8 степени целзиус", вели Триг Телеј, заменик специјален пратеник за климатски промени во Стејт Департмент.**

Донаторите и богатите држави ќе донираат 100 милијарди долари што ќе бидат поддршка за посиромашните држави за намалување на загадувањето.

**„Многу земји се движат во овој правец, Соединетите Американски Држави, Г7 земјите, воведуваат анализи за климатските промени во нивните програми за развој. Договорот од Париз го поддржува планирањето на влијанието на климатските промени и ги охрабрува и останатите држави да го направат тоа“, изјави Шарин Десоуза, офицер за надворешни работи во Стејт Департмент.**

Државите се обврзаа дека оваа година ќе подготват планови за еколошко земјоделство и индустрија, користење на чисти извори на енергија и намалување на издувните гасови.

188 држави во светот  што ја потпишаа декларацијата за спречување на климатските промени ќе се состанат во 2020-та за да ги договорат целите за намалување на загадувањето во наредните децении.

**Ирина Гелевска, постојан дописник од Вашингтон за МРТ**

## Exclusive.mk - Шокантно: Фотографии кои откриваат колку е загадена водата во Кина

EXC
LUS
IVE

# Шокантно: Фотографии кои откриваат колку е загадена водата во Кина



**За Кина и нејзините милиони жители брзиот раст на индустријата и градовите стана непријатна реалност. Како резултат на тоа е загадувањето на воздухот и водата.**

Во 2015 година Кина објави дека ќе преземе конкретни мерки за превенција кои ќе го подобрат квалитетот на водата до 2020 година, но планот има тешкотии во справувањето со загадувањето.

Business Insider направи галерија од загадувањето на водата во Кина, станува збор за фотографии од 2006 година до денес.